# Примени забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност на државните инспекторати на РМ

Република Македонија
**Министерство за економија**
**Државен инспекторат за техничка инспекција**

[redacted]

Број:18-32/2
Дата: 21.01.2013 година

До:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. Македонија 12/3
1000 СКОПЈЕ

23.01.2013
21-12/31

Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Државен инспекторат за техничка инспекција
Васил Главинов бб, Блок 10,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3224 936
(02) 3118 289
Факс: (02) 3114 045
Е-пошта:
info.diti@economy.gov.mk
Интернет локација:
www.economy.gov.mk

Предмет: Забелешки на Нацрт – извештајот за извршена ревизија на успешност на тема "Ефикасност на државните инспекторати на РМ",

Почитувани,

Во врска со Нацрт – извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема Ефикасност на државните инспекторати на РМ, Државниот инспекторат за техничка инспекција ги дава следните забелешки.

Не се прифаќаат наводите во делот на точка 4.5 каде е наведено дека во одредени случаи од страна на ДИТИ е дозволено да се врши експлоатација само врз основа на поднесено барање до МЕ, а без согласност за пренос на концесијата, од следните причини.

Во конкретниот предмет, врз основа на кој е констатирано дека се врши експлоатација на минерални суровини само врз основа на поднесено барање до Министерство за економија, но без договор за концесија за експлоатација на минерални суровини, извршено префрлање на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини на друго правно лице без одобрение од МЕ, фактичката состојба е следна.

- Со Записник е констатирано дека на концесискиот простор на Киро Ќучук работи фирмата УС Констракшн, која со концесионерот има склучено договор за отстапување на концесијата, и за истото е поднесено барање за префрлување на концесијата до МЕ.
- Врз основа на така констатираната состојба, доставен е предлог до МЕ за раскинување на Договоро за концесија за експлоатација склучен помеѓу Владата на Р. М. и Ќиро Кучук.
- Во истиот период отворена е стечајна постапка над субјектот на надзорот, па преземањето на понатамошни мерки и активности е во надлежност на МЕ, а не на инспекторатот.

Од сето ова произлегува дека се преземени сите законски мерки и активности кои се во надлежност на инспекторатот.

Исто така во продолжение на надзорот над овој локалитет, при вршење на контролен надзор над истиот локалитет со Записник е констатирано дека на ова концесиско поле одредени

[redacted]

активности, односно експлоатација на минерална суровина варовник врши друга фирма, т.е. фирмата УС Констракшан. Сето ова е наведено во Записник, а потоа согласно закон, донесено е Решение за забрана за вршење експлоатација, и е поднесена кривична пријава до ОЈО.

И во овој случај е постапено согласно закон.

Како доказ на погоренаведените тврдења во прилог ви доставуваме записник, решение за забрана и Кривична пријава кои можеби при вршењето на ревизијата не биле дадени на увид, од причина што архивски се водат како различни предмети.

Во другиот предмет, кој исто така беше на увид на ДЗР, фактичката состојба е следна:

При инспекцискиот надзор е констатирано дека на концесискиот простор од Договорот за концесија за експлоатација склучен помеѓу Владата на Р.М. и Хрис компани активности на експлоатација изведува фирмата Хризанама комерц. Под активности на експлоатација во овој контекст се подразбираат конкретните активности преземани од страна на Хрисанама за да обезбеди услови за експлоатација на минералната суровина, а согласно Договорот за деловна соработка. Исто така, согласно член 3 од Договорот за деловна соработка каде е наведено дека од страна на втората договорна страна т.е. Хризанама комерц се обезбедуваат финансиски средства и инвестирање во механизација за опслужување на механизацијата, заради експлоатирање на минерални суровини песок на локалитетот Горна Лака с. Трстеник општина Росоман, од причина што двајцата претставници на првата договорна страна сметаат дека на овој начин поуспешно ке стопанисуваат, произлегува дека оваа фирма не може да врши вакви рударски работи во свое име и за своја сметка, туку само за потребите на Хрис компани-имател на дозволата за експлоатација.

Во записникот исто така наведено е дека овие две фирми меѓусебно имаат склучено договор за пренос на концесијата од хрис компани на хризанама комерц во кој во член 7 се вели дека доколку отстапувачот не добие согласност од страна на концедентот договорот нема правна важност, за истото имаат поднесено барање за пренос до Министерството за економија одговор од таму нема, но само како фактичка состојба утврдена на лице место е внесено постоењето на овој договор во записникот, и не може тоа да се протолкува, ниту била таква намерата при инспекцискиот надзор да се смета дека само со поднесеното барање е дозволено да се врши експлоатација.

Напоменуваме дека во овој случај зборот експлоатација е употребен во смисла на изведување на рударски работи врз основа на договор, а не во правна смисла – како дозвола за експлоатација издадена согласно закон.

2

[redacted]

- Значи, во конкретниот случај, дозвола за експлоатација, како и експлоатација на минерални суровини врши Хрис компани.
- Согласно Договорот за техничка соработка за потребите на фирмата имател на дозволата се вршат одредени активности од страна на Хрисанама комерц.
- Сето ова е во согласност со закон и од тие причини не се преземени понатамошни активности.

Во однос на констатацијата за безбедносни недостатоци, ДИТИ ги дава следните забелешки

При секој надзор се составува записник со мерки и активности и рокови кои треба да се преземат за отстранување на констатираните недостатоци, истите се контролираат при повторен надзор. При секој надзор во случаи каде се констатираат одредени недостатоци се даваат конкретни рокови за отстранување на истите. Доколку се констатира дека постои загрозување на безбедноста и здравјето на вработените се носи Решение за забрана за експлоатација до отстранување на недостатоци и се преземаат другите со закон пропишани мерки.
Во конкретниот случај, постапено е согласно закон, односно:

- На ден 16-17.2010 со Записник е констатирано недостатоци околу безбедноста и здравјето на вработените и за истото е донесено Решение за отстранување на недостатоците.
- При повторниот инспекциски надзор, констатирано е дека дел од недостатоците се отстранети, а дел не се отстранети.
- За овие недостатоци кои не се отстранети донесено е Решение за забрана за вршење експлоатација, и согласно закон поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка до Основен суд Делчево.

Иста е состојбата и со постапката против концесионерите Злетово и Тораница каде за констатирани недостатоци кои се однесуваат на безбедноста и здравјето на вреботените, а кои се повторени со следен инспекциски надзор, хронолошки состојбата е следнава:
-Во рудник Тораница на ден 04.07.2011 година со записник е констатирано недостатоци околу безбедноста и здравјето на вработените. (Решение не е издадено затоа што во меѓувреме имаше измени на Законот за минерални суровини во кои се вели дека со Записник се даваат одредени рокови за отстранување на недостатоци)

[redacted]

-При повторниот инспекциски надзор, констатирано е дека дел од недостатоците се отстранети, а дел не се отстранети.
-За овие недостатоци кои не се отстранети отпочнато е постапка за порамнување согласно Законот за прекршоци и постапката е завршена со наплатата на глобата.
-Во рудник Злетово е спроведена иста постапка поточно:
-За недостатоци кои не се отстранети отпочнато е постапка за порамнување согласно Законот за прекршоци и постапката е завршена со наплатата на глобата.

Напоменуваме дека во текот на 2012 година при вршењето на инспекциски надзор утврдени се посериозни недостатоци кои се однесуваат на загрозување на безбедноста и здравјето на вработените, за што се поведени прекршочни постапки и по пат на постапка за порамнување, наплатени се 23000 евра, и тоа за Саса два пати по 20000 евра вкупно 40000 евра за правното лице и два пати по 500 евра или вкупно 1000 евра за одговорното лице во правното лице(истата е наплатена по пат на постапка за порамнување), за рудник Злетово изречена е глоба од 2000 евра за правното лице и 500 евра на одговорното лице (истата е наплатена по пат на постапка за порамнување), за рудник Тораница изречена е глоба во износ од 2000 евра за правното лице и 500 евра за одговорното лице во правното лице (истата е наплатена по пат на постапка за порамнување).

Прилог:

-Документација за локалитет Превалец, (записник бр 18-157/1; Решение за забрана бр 18-157/2; Кривична пријава бр 18-157/3)

-Документација за Кавадарци, Хрис компани и Хризанама комерц (записник бр 18-1003/1; Договор за отстапување на правото на концесија; Договор за деловна соработка)

-Документација за рудник Саса (записник број 18-2289; Решение од извршен инспекциски надзор бр 18-2289; записник бр 18-943/2; Решение за забрана бр 18-943/3; Барање за поведување на прекршочна постапка бр.18-943/5)

-Документација за Индо минерали и метали рудник Тораница и рудник Злетово (записник бр 18-1259/1; записник бр 18-491/1; покана за порамнување; записник од спроведена постапка за порамнување бр 18-491/7 платен налог бр 18-492/6, платен налог бр 18-491/5, известување за извршена наплата на глоба, копија од уплатници) (записник број 18-490/1, покана за порамнување, записник од спроведена постапка за порамнување бр 18-490/6, платен налог бр 18-490/4, платен налог бр 18-490/5, Известување за извршена наплата на глоба, копија од уплатници.)

**Директор,**
**Ekrem Bunjaki**

4

Република Македонија
**Министерство за транспорт и врски**
Државен инспекторат за транспорт

Бр. 35-37/2
Дата: 16.01.2013 год.

Министерство за
транспорт и врски
Државен инспекторат за
транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу
број 19,1000 Скопје
Република Македонија

Тел. +389(0) 02 2464-510
Факс: +389(0) 02 2464-910

**ДО Државен завод за ревизија**
**Скопје**

21.01.2013
21-12/30

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на забелешки за Нацрт-извештај
**ВРСКА:** Ваш допис бр.21-12/23 од 02.01.2013 година Почитувани,

Од Државниот завод за ревизија , во прилог на дописот под горенаведениот број (примен под наш бр.35-37/1 од 09.01.2013 година), до Државниот иснпекторат за транспорт доставен е примерок од Нацрт-извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на државните инспекторати на РМ", за кој се бара во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот, да се доставаат наши забелешки доколку ги имаме.

Разгледувајќи го со должно внимание доставениот Нацрт-извештај, воедно и запазувајќи го рокот во кој е потребно да ги дадеме нашите забелешки, Ви укажуваме на следната корекција која е потребно да се направи конкретно во делот на Нацрт-извештајот што се однесува за организацијата, надлежностите и реализираните активности на Државниот инспекторат за транспорт.

Имено станува збор за тоа што согласно важечката законска регулатива од делот на матерјалните прописи што се во надлежност за постапување на Државниот инспекторат за транспорт, овој инспекторат не извршува инспекциски надзор во областа на железничкиот сообраќај и ПТТ сообраќајот, бидејќи надлежноста за контрола на овие видови сообраќај се преминати во надлежност на Управата за сигурност во железничкиот систем и во Агенцијата за поштански сообраќај.

Што се однесува до останатата сдржина на Нацрт-извештајот, Државниот инспекторат за транспорт, подржувајќија, смета дека врз основа на направената детална ревизија, од изготвувачот на овој Нацрт-извештај е прикажана реална слика за ефикасноста во функционирањето врз основа на сите третирани присатни состојби на државните инспекторати кои делуваат во Република Македонија, за чие подобрување после овие констатации Владата на Република Македонија секако дека ќе изнајде соодветни решенија.

Со почит,

ПРИЛОГ:Како вотекстот

ИЗГОТВИЛ:Климент Алексов

**ДИРЕКТОР,**

**Руфат Хусеини**